РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
**Бр. 08-2054/1 од 27.02.2018 год.**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 57 и член 106 став 3 а во врска со член 144 став 2 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на град Скопје" бр.08/05 и Службен весник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 18 став 2 од Правилата за работа на урбаните и месните заедници во Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.8/2007), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распишување на избор на членови на советите на УЗ и МЗ во Општина Кисела Вода**

1. Се распишува избор на членови на советите на УЗ и МЗ во Општина Кисела Вода.
2. Се задолжува државниот службеник Марјан Стојанчевски - Раководител на Сектор за месна самоуправа и социјална заштита при Општина Кисела Вода, да ги преземе сите потребни дејствија за свикување на Собир на граѓани од подрачјето на сите урбани и месни заедници во Општина Кисела Вода и спроведување на избор на членови на советите на УЗ и МЗ во Општина Кисела Вода, како и да пружи целосна административно-техничка подршка во процесот на изборот на членовите до конечно завршување на истиот.
3. Решението стапува на сила на денот на неговото донесување .

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со оглед да од страна на старите состави на советите на урбани и месни заедници во Општина Кисела Вода не е постапено согласно член 144 став 1 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на град Скопје" бр.08/05 и Службен весник на Општина Кисела Вода бр.13/06), односно од нивна страна во рок од 30 дена пред истекот на нивниот мандат не е донесена одлука за избор на нови членови на советите на урбани и месни заедници во Општина Кисела Вода, се одлучи како во диспозитивот а согласно член 144 став 2 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на град Скопје" бр.08/05 и Службен весник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14).

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски